1. На одржаните натпревари "Градски смотри" 👉училишниот Етно бенд составен од:
Јована Стојковска (I 12)
Јован Василевски (III 1)
Иван Јанковски (I 2)
освоија 🥇ПРВО место со што се единствениот училишен бенд од Скопје кој ќе настапи на Државен натпревар 🙌
👉Рок бендот составен од:
Горјан Стефковски (IV 7)
Нестор Баштовански (IV 7)
Милица Арсиќ (III13)
Борјан Кочоски (III 7)
освоија 🥈ВТОРО место
👉вокалниот солист Милица Арсиќ(III 13) освои 🥈ВТОРО место
Честитки до учениците, гордост на нашето училиште и огромна благодарност до менторот Кристијан Стојановски - професор по музичка култура.

Link: https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0QhLgoXJg41k7Kb3uNBtHxHht7cmWkH1eRhytxnxAKsby7NNXfsqF1W67k8uvcqgfl&id=100063991567491&mibextid=ZbWKwL

2. На ден 17.02.2023 година нашето училиште ја продолжи долгогодишната соработка со Словеначки центар - Скопје.
Училишниот бенд учествуваше во отворањето на изложбата "Словенија во енциклопедијата Википедија" по повод словенечкиот културен празник Прешернов ден.
Link: https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0uLyJjsxXMfMo3RgWfV492wiM3jkSAE8p4mfvefninSkVJF5umwynoUoM3QVNs6UXl&id=100063991567491&mibextid=ZbWKwL

3. На 9-ти декември - Денот на превенција, ученици и претставници од СЕПУГС“Васил Антевски-Дрен” учествуваа на настанот кој беше организиран од страна на Одделението за превенција при Секторот за внатрешни работи Скопје во Сити мол под мотото – “граѓаните зборуваат за нас”. Претставниците на институции, на учениците, на НВО, на сите партнери што во изминатиот период учествувале во заеднички превентивни проекти со Одделението за превенција при СВР Скопје имаа можност во непосредна комуникација да ги изложат своите досегашни искуства но и идеи за натамошно развивање на превентивниот концепт на соработка меѓу граѓаните и полицијата.
Link: https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid02MbFZ66r9jsA65ZabRBn95C1h5bpahzGfVBf2hf5QUP9G74o1QPgdz5AnLjG1NSxTl&id=100063991567491&mibextid=ZbWKwL

4. На ден 18.11.2022 година, по повод одбележувањето на светскиот ден на детето, 20-ти ноември, учениците од нашето училиште: Јована Петровска, Адела Елесковиќ, Едис Сулејман и Тања Русмир, под менторство на проф.Анета

Стефановска и проф.Ангела Динева одржаа настан под слоганот: ,, Ги знам своите права и знам како да ги заштитам". За свечената форма на настанот се погрижи училишниот бенд под менторство на проф.Кристијан Стојановски.
Целта на овој настан беше да ги запознаеме учениците со нивните права, но и со нивните обврски, како и да ги доближиме до институциите кои ќе им помогнат во спроведување и заштита на истите. Како соработници на овој проект, од особена важност ни беше поддршката и соработката со институцијата Народен правобранител, а од особена чест и задоволство ни беше што присуствуваа и учениците-партнери на овој проект од останатите средни училишта на град Скопје, преставници од градот Скопје и претставници од меѓународниот Центар за социјална работа.

Полни со радост и макотрпна работа, честа беше наша да го одбележиме овој ден кој има оставено значаен белег во светската историја.
Децата се иднината, затоа да ги негуваме правилно, за да пораснат, бидат лидери и да го водат светот кон светлина!
Link: https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0uqusBaxoNpx3tdBZyAvDFVTT5ynmDGvYXqQHmL1MN6uTKXyb7wbRRdeex16aVR1fl&id=100063991567491&mibextid=ZbWKwL

5. Традицијата продолжува - "European Day of Languages" по шести пат го прославивме со пригодна приредба
Link: https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid02oLvCGkidDBgMEy1HFb1qt6irM67bg2pUGNqrJRrnnwq8EcwhbQUGwWSQoHQXzSKAl&id=100063991567491&mibextid=ZbWKwL